**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**УПІ бр. 25-61**
**.03.2018 година**
**Скопје**

27 -04- 2018

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО - Скопје бр.25-61 од 01.03.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **Се овластува** Друштвото за едукација, тренинг и истражување ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО - Скопје за техничка служба, врз основа на Предлогот за овластување бр.1609-121/8 од 27.02.2018 година, органот за одобрување - Биро за метрологија, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело ИТ-026 од 20.04.2010 година и неговиот Прилог издаден на 07.06.2017 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, да врши стручните и техничките работи за следните постапки во инспекциските места:

1.1 ЦИВ 1 – „ул. Скупи бр.18“ во Скопје за:

а) - **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/09 и 95/12); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

б) - **Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 19 и член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила; член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 10, 14, 15, 16, 20 и 23 член 7 став (1) точка 1 (ТНГ и КЗГ), 2, 3, 4 (куки), 5, 6, 7, 13 (заштитни фолии и обоени стакла) и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата.

в) - **Одобрување на тип на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за возила; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила; Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09); Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата; (техничка служба од категорија А, која испитувањата ги врши во сопствените простории согласно член 58 став (1) алинеја 1 од Законот за возила);

г) – **Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување

на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.101/13);

1.2. **ЦИВ 2 – „улБорис Трајковски бр.166" во Скопје за:**

**а) - Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

**б) - Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 19 и член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила; член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 10, 14, 15, 16, 20 и 23 член 7 став (1) точка 1 (ТНГ и КЗГ), 2, 3, 4 (куки), 5, 6, 7, 13 (заштитни фолии и обоени стакла) и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата.

**в) – Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

1.3. **ЦИВ 3 – „с. Драслајца" во Струга за:**

**а) - Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

**б) - Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

**2.** Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со број УП-I бр. 25-134 од 19.10.2016 година.

## Образложение

Друштвото за одржување и поправка на моторни возила ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО - Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-61 од 05.03.2018 година со кое бара да се донесе решение за техничка служба поради проширување со две нови инспекциски места, согласно член 56 став (1) од Законот за возила. Министерството за економија врз основа на Сертификатот за акредитација од органот за оцена на компетентност и предлогот за овластување од органот за одобрување, го овластува ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО – Скопје за вршење на стручни и технички работи за следните постапки во инспекциските места:

1. **ЦИВ 1 – „ул. Скупи бр.18" во Скопје за:**

а) **- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возила;

б) **- Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 19 и член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила; член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 10, 14, 15, 16, 20 и 23 член 7 став (1) точка 1 , 2, 3, 4 , 5, 6, 7, 13 и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила.

в) **- Одобрување на тип на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за возила;

г) **– Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

2. **ЦИВ 2 – „улБорис Трајковски бр.166" во Скопје за:**

а) **- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило;

б) **- Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 19 и член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила; член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 10, 14, 15, 16, 20 и 23 член 7 став (1) точка 1, 2, 3, 4 , 5, 6, 7, 13 и 14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

в) **– Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

3. **ЦИВ 3 – „с. Драслајца" во Струга за:**

а) **- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R и S** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило;

б) **- Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Бирото за метрологија со бр.1609-121/8 од 27.02.2018 година, а примен во Министерство за економија на 01.03.2018 година;

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело ИТ-026 од 20.04.2010 година и неговиот Прилог издаден на 07.06.2017 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/150120170021329 од 06.04.2017 година;

- Копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар во техничката служба и распоред на стручниот кадар по следните инспекциски места:

- **ЦИВ 1 – „ул. Скупи бр.18“ во Скопје**; дипл. маш. инж. Сашко Кимов; дипл. маш. инж. Горан Спиркоски; дипл. маш. инж. Сашко Стојков; дипл. маш. инж.Вукашин Јовановиќ, дипл. маш. инж. Игор Петковски и електротехничар Душан Цветковски;

- **ЦИВ 2 – „ул.Борис Трајковски бр.166“ во Скопје**; дипл. маш. инж. Игор Манчев; дипл. маш. инж. Виктор Спасовски; дипл. сообраќаен инж. Митко Ацевски, дипл. електро инж. Благоја Лозаноски и електротехничар Кажиќ Михајло;

- **ЦИВ 3 – „с. Драслајца“ во Струга**, дипл. сообраќаен. инж. Илија Ангелески; дипл. маш. инж. Мирко Тасиќ; и дипл. маш. инж. Златко Ристески.

- Доказ за сопствен деловен простор и опрема за инспекциските место **ЦИВ 1 – „ул. Скупи бр.18“ во Скопје, Имотен лист број: 6125, издаден од Агенција за катастар на недвижности** бр.1105-148499/2016 од 29.09.2016;

- Договор за закуп на деловен простор за инспекциските место **ЦИВ 2 – „ул.Борис Трајковски бр.166“ во Скопје** заверен на нотар под бр.УЗП 696/2014 од 30.01.2014;

- Доказ за сопствен деловен простор и опрема за инспекциските место **ЦИВ 3 – „с. Драслајца“ во Струга, Имотен лист број: 50601, издаден од Агенција за катастар на недвижности** бр.1105-12663/2015 од 10.12.2015;

- Доказ за сопственост на техничка опрема, договори бр.08/10 од 19.08.2010 год., бр.08/11 од 24.03.2011 год. и бр. 20/11 од 16.06.2011 год со фирмата ВЕЛМАР ДООЕЛ од Скопје и извештаи за извршена калибрација на опремата бр.042/17 од 19.09.2017 год, бр.062/17 од 30.11.2017 год. и бр.065/17 од 26.12.2017 год. од фирмата АУТОИНСТРУМЕНТ ДОООЕЛ од Скопје;

- Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност - полиса бр.990000062314 од 25.12.2017 година со важност до 25.12.2018 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издадено од Централен регистар на Република Македонија бр.0904-50/150120170052710 од 31.08.2017 година;

- Доказ за платена такса од 2.000,00денари

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и неговите подзаконски акти, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ